4691


PRES-SERVIS

NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA
NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION
OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with
Yugoslav National Bank

SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting
MLADI BORAC - Skoplje

16. XI. 1967




ПОРТРЕТИ:

# Јанкуловски излага во Белгија

ВО ПОЧЕТОКОТ на септември деветнаесет слики во масло и седум цртежи од младиот македонски ликовен уметник Цане Јанкуловски отпатуваа за Белгија. По изложбата во Галерија Нова во Мехелен овие дела беа презентирани во галеријата Копер во Вилворд, а сега тие се изложени во галеријата Зуткет во Антверпен. Подоцна оваа изложба ќе ја види и ликовната публика во некои други белгиски градови. По тој повод разговаравме со Јанкуловски, кој досега има приредено две самостојни изложби во Скопје, една во Штип и една во Битола. Слики од овој уметник, што има завршено само Уметничко училиште — оддел вајарство во Скопје, се презентирани речиси на сите изложби на Друштвото на ликовните уметници на Македонија во периодот од 1962 година наваму и тоа во Скопје, Белград, Суботица, Ниш, Загреб, Словенградец, Охрид, Нови Сад, Битола и други градови во земјата.

**● На нашето прво прашање како дојде до тоа негови слики да бидат прикажани на самостојна изложба надвор од нашата земја, поточно во Белгија, Јанкуловски одговори:**

— Мојата самостојна изложба во Белгија е резултат на тоа што господинот Јоз Бек ја видел мојата слика „Бес“ на изложбата на ДЛУМ во Битола минатата година. Веројатно овој гостин од Белгија се воодушевил од таа слика, зашто потоа се интересирал за мене и за мојата адреса, па кога се вратил во својата татковина ми пиша изразувајќи го во писмото воодушевувањето од мојата слика и воедно ме покани да излагам во Галерија Нова во Мехелен, каде што ми беше обезбеден термин.

Но тогаш полно од сликите што сега се во Белгија не ми беа завршени. По тоа уште двапати добив писмо од Галерија Нова и во август годинава ги испратив моите слики. Кога во почетокот на септември отпатував во Белгија како гостин на оваа галерија бев награден и почестен со признанието да бидам нејзин постојан член. Потоа за моите слики се заинтересираа и други галерии во оваа земја.

**● Мислите ли и имате ли можност што вашите слики го привлекоа вниманието на тие галерии и посебно на Галерија Нова во Мехелен?**

— Веројатно тоа е начинот на кој сликам и содржината на моите слики. Станува збор за еден оригинален подход во сликањето, за мојот топол колорит во најновите слики и посебно за Вештата употреба на таканаречениот „асвалтен барон“. Содржината што ја обликувам е човекот, или поточно опачината на животот. Но, како што пишуваат некои белгиски весници, кон таа опачина јас имам еден позитивен и активен однос, поради што моите слики кога се гледаат оставаат впечаток како да се „Фетиши на модерното време“.

**● Мислите ли и имале ли можности да излагате и во некои други земји?**

— Постојат можности да излагам и во Холандија, Франција, Англија и Соединетите Американски Држави. Меѓутоа, тоа не е веќе моја работа. За моите слики сами се заинтересираа некои галерии во овие земји, кои имаат контакти со белгиските галерии каде излагам сега.

**● А дали ваши слики наскоро ќе можат да бидат изложени и во некои од изложбените салони во Скопје и во други наши градови?**

— Имам желба, но засега немам ни една слика тука. Поради тоа и на некои галерии во странство не ќе можам засега да им одговорам на поканите. Јас многу бавно сликам. На секоја слика се задржувам долго, па не ќе можам за кусо време да направам толку слики колку што се потребни за една изложба.

**● И на крајот уште едно прашање: Имате завршено оддел вајарство на Уметничкото училиште во Скопје, па интересно ќе биде да кажете како и кога се определивте за сликарството?**

— По завршувањето на училиштето кога бев на отслужување на воениот рок направив една слика за една изложба на војници — уметници што ми беше наградена. Тоа, чинам, ме поттикна сосема да се определам за сликарството. Сега работам главно во масло, но често им се посветувам и на цртежот, акварелот и графиката.

К. БУЈУКЛИЕВ